**20090641077**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 мај 2009 година.

Бр. 07-2287/1
19 мај 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008 и 139/2008), во членот 3 по точката 18 се додава нова точка 19, која гласи:

„19**. Под приход на концесија/јавно приватно партнерство** се подразбираат средствата и добрата што ги стекнуваат концесионерот и концедентот, во текот на спроведувањето на концесијата, врз основа на договорот за концесија/јавно приватно партнерство“.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„За видовите, основите и условите за доделување концесија и јавно приватно партнерство ќе се применуваат одредбите од посебниот закон со кој поблиску се уредуваат прашањата од областа на концесијата или јавното приватно партнерство.

За постапките за доделување на концесијата и јавно приватно партнерство ќе се применуваат одредбите од овој закон, освен ако со посебниот закон поинаку не е уредено“.

Член 3

Во членот 11 став 1 алинеи 1 и 2 по зборовите: „правото да го“ се додава зборот „гради“.

Член 4

Во членот 12 став 1 по зборовите: „како јавни услуги“ се додаваат зборовите: „односно работи од јавен интерес“.

Член 5

Во членот 15 став 2 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „доколку со посебниот закон истите се уредени“.

Член 6

Во членот 17 ставот 1 се менува и гласи:

„Можноста за плаќање од страна на концедентот се предвидува во следниве случаи:

- заради постигнување на социјално прифатлива цена на услугите при вршењето на концесијата, кога тарифата за јавни услуги е утврдена со прописите кои се однесуваат на соодветната концесија,
- заради спреченост на користењето на објектот на концесијата поради виша сила и
- во други случаи заради постигнување на финансиска или друга исплатливост на концесијата.“

Член 7

Во членот 18 по зборовите: „вршење на јавна услуга“ се додаваат зборовите: „односно работи од јавен интерес“.

Член 8

Во членот 28 став 1 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- мислење со процена за висината и начинот на плаќање на надоместок од страна на концесионерот, како и плаќање на надоместок од страна на концедентот.“

Член 9

Во членот 29 став 1 алинејата 5 се менува и гласи:

„- висината и начинот на плаќање на надоместок од страна на концесионерот, како и плаќање на надоместок од страна на концедентот,“.

Член 10

Во членот 32 став 2 зборот „три“ се заменува со зборот „еден“.

Член 11

Во членот 33 став 4 зборот „три“ се заменува со зборот „два“.

Член 12

Во членот 36 став 2 зборот „три“ се заменува со зборот „два“, а бројот „34“ се заменува со бројот „33“.

Член 13

Во членот 44 став 1 во воведната реченица бројот „44“ се заменува со бројот „43“.

Член 14

Во членот 48 во воведната реченица бројот „48“ се заменува со бројот „47“ .

Пред точката а) се додава нова точка а), која гласи:

„а) отворениот повик може да се скрати, но не помалку од 36 дена од денот на испраќањето на повикот за објавување“.

Точките а), б) и в) стануваат точки б), в) и г).

Член 15

Во членот 70 став 1 броевите: „64 и 66“ се заменуваат со броевите: „63 и 65“.

Член 16

Во членот 72 став 2 алинеја 3 бројот „75“ се заменува со бројот „74“.

Член 17

Во членот 73 став 2 бројот „76“ се заменува со бројот „75“.

Член 18

Во членот 75 став 5 бројот „74“ се заменува со бројот „73“.

Член 19

Во членот 95 броевите: „76 и 77“ се заменуваат со броевите: „75 и 76“.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.